**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

# АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
# GJYKATA E APELIT GOSTIVAR

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 / info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

**СУ.бр.14/21**
**08.01.2021 година**
**ГОСТИВАР**

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, Беким Мехмеди, врз основа на член 92 став 2 од Законот за судовите („Слжбен весник на РМ“, бр.58/2006, бр.62/2006, бр.35/2008 и бр.150/2010) и член 7 ст.1 точка 4 од Судскиот деловник, (“Службен весник на РМ”, бр.66/2013), по прибавено мислење од Седница на судиите на Апелационен суд Гостивар, денес на ден 08.01.2021 година, ја утврди следната:

## П Р О Г Р А М А

### за работа на Апелационен суд Гостивар за 2021 година.

Судијата Беким Мехмеди, со Одлука на Судскиот совет на РСМ Бр.09-1893/1 од 09.12.2020 година е избран за Претседател на Апелациониот суд Гостивар.

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ, во овој суд утврдено е судиската функција да ја вршат 16 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во извештајната 2020 година, судиската функција во овој суд ја вршеле 12 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

1(еден) судија од втор граѓански совет заминал во староснa пензија на ден 26.08.2020 година, а 3 (тројца) судии од граѓанска материја за периот од три месеци (Октомври, Ноември и Декември) биле времено упатени да ја вршат судиската функсија во Апелационен суд Скопје.

Од тие причини, според извештајот за 2020 година, судот имаше проблем со недостаток на судии односно во кривичнен оддел каде што судиската функција го извршиле 3 (тројца) судии вклучувајќи и претседателот на судот, каде што се очекува и во текот на 2021 година, проблемите да се продлабочат и во граѓанска материја ако не се превземат мерки за избор на нови судии, за да се овозможи поефикасно функционирање на суд.

Од овие причини, судиите од граѓански оддел ќе учествуваат во кривичниот совет од пет судии во работа на кривичниот оддел.

Согласно, годишниот распоред за работа во Апелационен суд Гостивар за 2021 година, судската функцијата ќе ја извршуваат со 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Согласно,Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелациониот суд Гостивар, работите во судската служба е предвидено да ги вршат стручен, помошно стручен и административно - технички персонал вкупно 110 извршители, по ЗРО предвидени се да ги вршат 10 извршители и по однос на работите на судската полиција предвидено е да ги вршат 8 извршители, односно вкупно предвидено е да ги вршат 128 извршители.

Непополнетоста на работните места во судот, согласно Актот за систематизација, изнесува 95 извршители.

Согласно пополнетоста на работните места по Актот за систематизација во овој суд, во извештајната 2020 година, биле вкупно вработени 32 судски службеници вклучуваќи и судскиот администратор, 1 хигеничар и 1 возач.

Со оглед на тоа, еден судски службеник е во мирување поради стручо усавршување до 11.02.2022 година, а во 2020 година две работни места се упразнети поради заминување на еден судски соработник на обука во Академијата на судии и јавни обвинители и работното место на судскиот администратор е поради заминување во старосна пензија на ден 07.08.2020 година.

Во текот на 2020 година, во Апелационен суд Гостивар имало 2 (две) нови вработувања со Јавен оглас и тоа: 1(еден) Раководител на служба и 1(еден) помлад судски соработник и 12 (дванаесет) унапредувања на судски службеници со Интерен оглас и тоа: 1(еден) Раководител на одделение по информатика, 7(седум) Судски советници, 2 (два) судски соработници, 2(два) Соработници преведувачи - толкувач.

Апелациониот суд Гостивар, во 2021 година функцијата ќе ја извршува со 30 (триесет) судски службеници и 2(двајца) технички персонал, и тоа: **1(еден)** Раководител на служба, **1(еден)** Раководител на одделение по информатика, **7(седум)** Судски советници, **1(еден)** советник информатичари, **2(два)** судски соработници**,** **5(пет)** помлад судски соработници, **2(два)** Соработници преведувачи - толкувач, **1(еден)** помлад соработник – економиста, **1(еден)** самостоен референт сметководител, **1(еден)** самостоен судски референт во одделение по информатика, **1(еден)** виш судски референт во писарница на кривичниот оддел, **1(еден)** помлад судски референт во писарница на граѓанскиот оддел, **1(еден)** виш судски референт во судската архива, **5(пет)** судски референти – дактилографи, **1(еден)** возач и **1(еден)** хигиеничар.

Судот располага со една судница со систем за тонско снимање.

Во врска со примената на одредбите од ЗПП и ЗКП за одржување на расправи по предмети, покрај тонското снимање за Граѓанскиот оддел, целосно се планира да се опремува судската сала и за предметите по кои се одржуваат јавни седници од Кривичниот оддел, како и опремување со Аудио визуелна опрема.

Се очекува во текот на 2021 година да се изврши избор на нови судии во Апелационен суд Гостивар.

Во извештајната 2020 година, вкупно во работа имало 3261 предмети, од кои 338 предмети, пренесени како незавршени од претходната извештајна 2019 година и 2923 заведени нови предмети.

Приливот на нови примени предмети во однос на претходната 2019 година, кога изнесувал 3521 предмети е намален за 598 предмет и изнесува 2923 предмет.

На крајот на извештајната 2020 година се решени 2790 предмети, а останале нершени 471 предмети.

Во текот на 2020 година се заведени 1135 предмети од судската управа.

Со оглед дека кривичниот Оддел е составен од 3 (тројца) судии кои постапуваат по кривичните и прекршочните предмети кои постапка по жалба во втор степен, се очекува во текот на 2021 година Кривичниот оддел да се пополни уште со двајца судии кривичари.

Со цел судот да биде поефикасен и поквалитетен во своето работење во 2021 година, потребно е бројот на нерешени предмети по сите видови да биде значително намален, квалитетот во работењето и решавањето на предметите да биде повисок, решавањето на предметите да биде во рок, согласно процесните закони, Судски деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд Гостивар.

Во 2020 година преку јавни набавки, согласно Планот за јавна набавка во 2020 година, во Судот од планираните средства на Судскиот буџетски совет наменети за 2020 година, за буџетските корисници, се реализирани следните набавки на стоки, услуги и работи, и тоа:

- набавка на ситен инвентар и средства за одржување на хигиена,
- набавка на гориво за возилото на судот;
- набавка на материјали за АОП тонери и принтери;
- набавка на канцелариски материјали;
- групна јавна набавка на Интернет услуги;
- групна набавка на услуги од Македонска пошта;
- групна набавка на хартија за печатење и копирање формат А4 (210x297) 80 грамска, боја бела;
- набавка на услуги за користење на фиксна телефонија;
- групна набавка на услуги за користење на Мобилни телефонија;
- набавка на опремување на Апелациониот суд Гостивар со сертификат за Системот за управување со квалитет ISO 9001: 2015.

Исто така во 2020 година, беа склучени Договор за вршење прием и достава на судски писма и други поштенски услуги и Договор за користење на интернет услуги и телефонски услуги.

Согласно **чл. 92 ст. 1** од Законот за судовите, седницата на судиите ја сочинуваат сите судии и според тоа присуството на седница е задолжително, а отсаството од седница треба да се најави и оправда.

Врз основа на **чл. 92 ст. 2** од Законот за судовите и **чл. 7** од Судскиот деловник, со Програмата за работа на судот се конкретизираат работите и задачите од делокругот на Судот, особено видот и бројот на предметите, работите и задачите за следење и проучување на проблемите што произлегуваат од судската пракса кои се од интерес за правилна и единствена примена на Законот, укажување на правна помош на основните судови од подрачјето на овој Суд, преку работните посети на определените судии за соработка со конкретните основни судови, завземање на ставови по правни прашања на основните судови и друго.

Преку конкретизирање на работите и задачите од делокругот на овој Суд во вршење на судската функција утврдена со Уставот на РСМ, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на РСМ, се обезбедува примена на правото и заштита на човековите слободи и права.

Според тоа, цели и функции, согласно Програмата за работа на Апелациониот суд Гостивар, се:

- навремено и квалитетно решавање на евидентираните по АКМИС системот предметите во овој суд;
- заштита и почитување на човековите права и слободи;
- непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својсвото на странките;
- правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;
- давање правна помош на подрачните основни судови;
- изготвување на анализи, информации, укажувања, сентенции, и друго, кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
- усогласување на работата на овој суд со работата на подрачните основни судови преку извештаи за работа на судовите, посебно за причините на старите нерешени предмети, низ посетите на основните судови и при решавање на конкретни предмети во жалбена постапка;
- следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети во Апелациониот суд Гостивар и Основните судови од подрачјето на овој суд.
- средби и советувања организирани со подрачните основни судови во врска со работата на судиите,
- средби на ниво на Апелационите судови за изедначување на судската практика, со Врховниот суд на РМ, адвокатурата, државните органи, посебно со Здружението на судии во врска со едукацијата на судиите и со Советот за судска служба и други државни органи, заради едукација и на судските службеници,

**-** реализирање на Програмата на Академија за судиите и Јавните обвинители и административно - техничкиот персонал од АС Гостивар, ќе се изврши онака како е определено во календарот на Академијата.

- континуирано подобрување и одржување на системот за управување со квалитет на ISO9001:2015 преку редовни интерни проверки од сертифицирани интерни проверувачи во Апелациониот суд Гостивар, редовно следење и подобрување на целосната документација на системот со цел на позитивен извештај при надворешна проверка од сертификациско тело ИНТЕРЦЕРТ.

За реализација на Програмата се грижи Претседателот на судот, судиите и вработените во судот.

Во 2021 година, работата на Апелациониот суд Гостивар ќе се извршува преку:

- Кривичен Оддел со специјализирани совети;
- Граѓански Оддел, со специјализирани совети;
- Оддел за судска практика и евиденција;
- Одделение за стручна служба;
- Одделение за информатика;
- Одделение за односи со јавност;
- Одделение за материјално - финансиско работење; и
- Одделение за човечки редурси;

## <u>РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ</u>

## I. <u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>.

Во кривичниот Оддел со Распоредот за работа за 2021година, распоредени се да постапуваат 4 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, 1 Раководител на служба, 3 судски советници, 1 стручен соработник и 1 помлад судски соработник.

Во 2021 година, Кривичниот оддел ќе работи со:

- еден Кривичен совет од тројца судии, кој ќе постапува по КСЖ и КР предмети;
- еден Кривичен совет од петмина судии, кој ќе постапува по КЖ предмети;
- два Кривични совети кои ќе постапуваат по КЖ предмети;
- еден Кривичен совет за малолетничка деликвенција, кој ќе постапува по КЖМ предмети;

Во 2020 година во Кривичниот Оддел пренесени како нершени од 2019 година се 56 КЖ предмети, новопримени се заведени 446 КЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 502 КЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 349 КЖ предмети, а како незавршени останале 153 КЖ предмети.

Во 2021 година, се очекува во работа да има околу 500 КЖ предмети.

Во 2020 година во Кривичниот Оддел по АКМИС системот се заведени 14 КЖМ новопримени предмети, односно решени се 12 КЖМ предмети, а како незавршени останале 2 КЖМ предмети.

Во 2021 година се очекува во работа да има околу 40 КЖМ предмети.

Во 2020 година во Кривичниот Оддел пренесени како нершени од 2019 година се 5 КСЖ предмети, новопримени се заведени 144 КСЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 149 КСЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 138 КСЖ предмети, а како незавршени останале 11 КСЖ предмети.

Во 2021 година, заедно со остатокот, се очекува во работа да има околу 200 КСЖ предмети.

Во 2020 година во Кривичниот Оддел пренесени како нершени од 2019 година се 7 ПРКЖ предмети, новопримени се заведени 569 ПРКЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 576 ПРКЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 556 ПРКЖ предмети, а како незавршени останале 20 ПРКЖ предмети.

Во 2021 година, се очекува во работа да има околу 800 ПРКЖ предмети.

Во 2020 година во Кривичниот Оддел по АКМИС системот се заведени 40 КР новопримени предмети, односно решени се 39 КР предмети, а како незавршени останале 1 КР предмети.

Во 2021 година се очекува вкупно во работа да има околу 60 КР предмети.

Во 2021 година во Кривичниот оддел се очекува во работа да има по сите видови вкупно околу 1600 предмети.

Кривичните предмети во 2021 година ќе се решаваат, помалку сложените во рок од 3 месеци, повеќе сложените, најдоцна во рок од 6 месеци од приемот во судот, вклучувајќи ги предметите по кој се изјаснува Вишиот јавен обвинител и предметите по кои се одржуваат јавни седници, во услови на соодветен број на судии во Кривичниот оддел, односно доколку се изберат уште двајца судии, кој што ќе работат во одделот.

Согласно член 182 од Судскиот деловник, предметите во Кривичниот оддел ќе се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи, согласно став 3 од овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на судот.

Секој судија од Кривичниот оддел должен е на секои три месеци да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определенит рок со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

При решавањето на кривичните и прекршочните предмети, каде дошло до застареност на кривичното и прекршочното гонење, треба да се забележуваат причините, и тоа:

-дали притворските предмети се праќаат по жалба навремено или не, и причините за тоа;

-во сите видови на предмети при решавањето да се забележуваат случаите кога првостепените судови непостапуваат по напатствијата на Аелациониот суд Гостивар и Врховниот суд на РСМ;

-да се забележуваат и вакви работи во врска со правни прашања изготвување на анализи, информации и укажувања со цел да се увиди кој судови не го спроведуваат и почитуваат Законот за управување со движењето на предметите во Судовите.

## II. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ.

Во граѓанскиот Оддел со Распоредот за работа за 2021 година, распоредени се да постапуваат 7 судии, 4 судски советници и 3 помлад судски соработници.

Во 2021 година, Граѓанскиот оддел ќе работи со:

- **два** граѓански совети, кои ќе постапуваат по предметите ГЖ;
- **еден** совет по стопански и работни спорови, кој ќе постапува по ТСЖ и РОЖ;
- **еден** граѓански совет по предмети за надомест на штета, кој ќе постапува согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, предмети со ознака П5 - утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета;
- **еден** посебен стечаен совет кој ги работи граѓанските предмети поврзани со стечај.

Во 2020 година во Граѓански оддел пренесени како нершени од 2019 година се 160 ГЖ предмети, новопримени се заведени 995 ГЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 1155 ГЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 964 ГЖ предмети, а како незавршени останале 191 ГЖ предмети.

Во 2021 година, се очекува во работа да има околу 1800 ГЖ предмети.

Во 2020 година во Граѓанскиот оддел пренесени како нершени од 2019 година се 80 РОЖ предмети, новопримени се заведени 522 РОЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 602 РОЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 548 РОЖ предмети, а како незавршени останале 54 РОЖ предмети.

Во 2021 година, се очекува во работа да има околу 860 РОЖ предмети.

Во 2020 година во Граѓанскиот оддел пренесени како нершени од 2019 година се 30 ТСЖ предмети, новопримени се заведени 172 ТСЖ предмети, односно вкупно во работа во 2020 година имало 202 ТСЖ предмети, во извештајната 2020 година се решени 163 ТСЖ предмети, а како незавршени останале 39 ТСЖ предмети.

Во 2021 година, се очекува во работа да има околу 300 ТСЖ предмети.

Во 2020 година вкупно во работа беа 21 Р. предмети и сите беа решени.

Во 2021 година се очекува вкупно во работа да има околу 40 Предмети.

Во 2021 година во Граѓанскиот оддел по сите видови, се очекува во работа да има вкупно околу 3000 предмети.

Граѓанските предмети во 2021 година, ќе се решаваат помалку сложените во рок од 3 месеци, посложените предмети во рок од 6 месеци од приемот во судот.

Согласно член 182 од Судскиот деловник, предметите во Граѓанскиот оддел ќе се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи, согласно став 5 од овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на судот.

Секој судија од Граѓанскиот оддел должен е на секои три месеци да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определените рокови со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

При решавањето на сите видови предмети, ќе се обрати особено внимание на:

-пропустите на првостепените судови во врска со времетраењето на постапката;

-праќањето на предметите по жалба со пропусти, неспремни;

-доцнењето при испраќање по жалба на предметите;

-други пропусти.

Со цел да се зголеми ажурноста на Судовите од ова Апелационо подрачје, значајно е да се укажува на наведените пропусти при работните посети на судовите или во посебни укажувања, независно од посетата на Судот.

## III. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА И ЕВИДЕНЦИЈА.

Во текот на 2021 година во овој оддел ќе работат Претседателот на Одделот, судиите и стручните службеници, како што е определено со Годишниот Распоред за работа на Апелациониот суд Гостивар за 2021 година.

На внатрешната ВЕБ страна на судот, објавен е формулар за судска пракса кој Претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дека одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса.

Претседателите на Одделите го определуваат начинот на кој Одделот за судска пракса ќе ги евидентира правните мислења прифатени на седниците на одделите и начинот на евиденција на судската пракса во новата апликација со современа технологија, централизирано инсталирање и одржување и лесна достапност.

На седницата на Одделот ќе се донесе План за следење на судската пракса и на општествените појави и односи за нивно проучување и натамошна работа и ќе се составуваат предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради завземање на определен став за воедначување на судската пракса.

**Цели на Планот.**

Со Годишниот план се определуваат целите во однос на редовното и ефикасно работење на Одделот, а со цел унапредување и изедначување на судската практика во однос на примена на Законот во редовното постапување на судовите низ РСМ со посебен акцент на овој суд и на подрачните Основни судови.

Во Одделот ќе се евидентираат:

- одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбург;
- одлуките на Врховниот суд на РСМ во кој има правни становишта, стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Врховниот суд на РСМ и Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на Врховниот суд;
- заземени правни становишта на одделите во Аелационен суд Гостивар по одделбни правни прашања иницирани во Апелациониот суд Гостивар и од Основните судови од подрачјето на овој Суд.
- заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РСМ;
- анализи, информации и укажувања од АС Гостивар и основните судови на подрачјето на овој Суд;
- сентенции, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на Апелационен суд Гостивар;
- материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на Апелационен суд Гостивар;
- други материјали од важност за судската евиденција и практика;
- редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса која што целосно е преработена во текот на 2020 година.

**Ресурси за спроведување на Планот.**

Одговорни чинители во спроведување на Програмата е Претседателот на судот, Претседателот на одделот за судска пракса, Претседателот на Кривичниот и Граѓанскиот оддел и судскиот администратор, како и стручните соработници кои неизменично се именуваат по годишен распоред за работа во судот и информатичарот.

**Активности за спроведување на Планот.**

Годишниот План за 2021 година ќе се спроведува преку следните активности:

- Анализа на предметите низ соработка со активни состаноци на ниво на оддел со судиите на Апелациониот суд Гостивар одделно во Граѓанскиот и Кривичниот оддел.
- Предлози за кои од одлуките би биле референтни како судска пракса;
- Следење на судската пракса во други Апелациони подрачја во РСМ,

- Следење на Одлуки на Врховниот суд на РСМ;

- Следење на одлуките донесени од судот за човекови права во Стразбур;

-Следењена стручналитература вокои сеобјавуваат судски одлуки (изданија од областа на правото и разни билтени);

- Следење на обуки кои се организирани по повод хармонизација на судската пракса и тоа од Академијата на судии и јавни обвинители на РСМ и меѓународни организации.

-Активно учество во изготвување на теми за обуки со конкретни предлози за теми со цел изедначување на судската пракса.

- Изработка и издавање на Билтен.

- Месечни извештаи – записници од одржување на состаноци на ниво на Апелациониот суд,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ.**

Од предметите кои се во делокруг и функционална надлежност на Претседателот на судот по уписниците "СУ" и "СУ1" до "СУ7", "СУ.ДОВ.", "СУ.СТР.ДОВ." и "УПП", СУ-ИЗЗ", на крајот на 2020 година решени се вкупно по сите уписници 1135 предмети, нерешени предмети не се евидентирани во уписниците на овој суд, а во 2021 година се очекува исто така толкав прилив на предмети.

Во 2021 година Претседателот на судот ќе се грижи за ажурното работење на Судот во сите делови од работата и ќе превзема мерки во таа насока согласно закон.

Согласно член 23 од Судскиот деловник,Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, со Претседателите на основните судови од ова апелационо подрачје, на заедничка средба најмалку двапати годишно ќе ги анализира податоците од судската статистика и извештаите за работа на основните судови, кои ќе превземаат мерки за воедначување на судската пракса, Апелациониот суд Гостивар ќе укажува на слабостите во работата на основните судови со предлог за нивно отстранување за што ќе бидат известувани надлежните институции во РСМ.

**СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ.**

Претседателите на основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, ќе ја следат работата на судиите преку АКМИС програмата што е нивна законска обврска, преку работните тела ќе ја следат состојбата со старите нерешени предмети и на Претседателот на судот ќе му предлагаат мерки за носење планови за решавање на старите предмети. Претседателите ќе се состануваат почесто за да го следат исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

Во 2021 година одговорност е на сите вклучително и на Апелациониот суд Гостивар, старите предмети во основните судови да се решат до првата половина

на годината, а предметите од 2018, 2019 и 2020 година да се решат до крајот на 2021 година.

Ваквите состојби ќе се разгледуваат на заеднички состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд Гостивар и Претседателите на Основните судови од подрачјето на овој суд.

Со ажурното решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на судовите, но и намалување на трошоците во Судскиот буџетски совет за исплата на надоместоците за судење во неразумен рок.

Во Апелациониот суд Гостивар се планира во 2021 година да нема нерешени предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во овој суд, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини неможеле да се решат во тој рок.

## ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ.

За 2021 година ќе се изготват збирни прегледи и информации.

-збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписниците КЖ, КЖМ, КСЖ, ПРКЖ и КР, кој што ќе го изготви судијата Абдулбари Рамадани со судскиот советник Весна Илиќ.

-збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот ГЖ, кој ќе го изготви судијата Велко Страшевски со судскиот советник Леонора Јакупи.

-збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки по уписник РОЖ, кој ќе го изготви судијата Изет Исмаили со судскиот советник Арјета Иљази.

-збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот ТСЖ, кој ќе го изготви судијата Рафис Идризи со судскиот соработник Александар Дуроски.

-информација за постапување по УПП предметите од Апелациониот суд Гостивар за 2021 година и

-информација за состојбата со решавање на старите предмети во основните судови за 2021 година и ќе ги изработат Претседателот на Судот и Судскиот администратор.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА.

Во текот на 2021 година се предвидуваат средби и советувања:

-средба на Претседателот на Апелационен суд Гостивар со Претседателите на основните судови од ова апелационо подрачје, за прашања за судската управа и други тековни прашања.

- средби на Претседателот на Апелационен суд Гостивар со Претседателите на Апелационите судови во Скопје, Штип и Битола, за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите.

- средба на Претседателите на Апелационите судови и Врховниот суд по Оддели.

- средба на Претседателот на Апелационен суд Гостивар и на претседателите на Одделите со други државни органи и институции за решавање

на проблемите кои би се појавиле при работењето на Судот и Основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар.

Во 2021 година судиите ќе учествуваат во работата на Академија за судии и јавни обвинители, како:

- едукатори и ментори на материја за која се остручени со цел пренесување на знаењето и искуството на помладите колеги;
-учесници заради стручно усовршување на судиите, согласно Програмата на Академија за судии и јавни обвинители;

Стручниот кадар и административно - техничкиот персонал во Апелационен суд Гостивар ќе учествува на советувања што ќе ги организира Академијата за судии и јавни обвинители.

Одлука за учество на советувања, тркалезни маси и друго, независно од Програмата на Академијата, ќе донесува Претседателот на Судот и Претседателите на Одделите во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, заради подеднакво стручно усовршување.

Претседателите на Одделите во Апелационен суд Гостивар, до крајот на месец февруари 2021 година, ќе ги изготват програмите за работа на Одделите;

Во Програмата за работа на одделите на Апелационен суд Гостивар ќе се определи календар за работните посети и средби на основните судови на подрачјето на Апелационен суд Гостивар за 2021 година.

## <u>ПОСЕТА И КОНТРОЛА НА ПОДРАЧНИТЕ ОСНОВНИ СУДОВИ</u>.

Посетите и контролите ќе се остваруваат заради следење на работата на основните судови од подрачјето на Апелационен суд Гостивар, давање стручна помош и согледување на состојбата со старите нрешени предмети.

Претседателите на основните судови Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар се обврзуваат во деталните извештаи да ги прикажуваат следните податоци:

- решените предмети од Кривичниот Совет во кој нема жалба од страна на Основното јавно обвинителство;
- сите предмети од извршување на санкции за 2020 - 2021 година;
- распоред за вработените во судската администрација на Основните судови од ова Апелационо подрачје;
- распоред за судиите на Основните судови од ова Апелационо подрачје;
- извештај за бројот на предметите по сите области за 2021 година;

Во текот 2021 година, при извршување на работните посети на Основните судови да се запази состојбата со прифаќање на новите предмети од страна на судиите кои се распределуваат по АКМИС програмот, односно дали прифаќањето на предметот се евидентира истиот или најкасно до утрешниот работен ден, согласно Законот и Судскиот деловник.

При работните посети од основните судови ќе се побара да се испочитуваат одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите и секоја донесена одлука да се објави во ВЕБ страната на судот. Потоа, при посетите на основните судови ќе им се укаже да внимаваат при распределба на предмети на судии по АКМИС системот, посебно да се внимава да не се појави феноменот еден ист предмет во ист ден да се распредели на повеќе пати на разни судии, бидејќи ваквата распределба на предметот е против законита и против одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите.

Во текот на 2021 година на судиите на основните судови ќе им се наложува по укинатите првостепени одлуки при повторно судење да се постапува согласно дадените напатствија во одлуките дадени од судиите на Апелациониот суд Гостивар и во најбрз можен рок, бидејќи оваа обврска е поткрепена во одредбите на ЗПП и Судскиот деловник. Исто така, при извршување на работни посети во 2021 година, покрај наведените забелешки се потенцира потребата од хронолошко уредување на списите на предметот кој се доставуваат во жалбена постапка во втор степен, како и тоа кон предметот да се доставуваат и доволен број примероци на судските одлуки и на поднесени жалби од странките.

Судиите при извршените работни посети потребно е да ја согледуваат и состојбата за нерешени стари предмети и причините за тоа, а во извештајот заради воедначување на извештаите потребно е да ги наведат сите битни моменти од приемот на предметот до прегледот, а особено:

- број на предметот,
- основот,
- странките,
- кај кој судија е / ако промениле, повеќе судии и тоа да се запише, кога е примен предметот, кога е за прв пат насрочен предметот, колку рочишта се одржани до прво пресудување, со наведување на датум, прва пресуда /уважено, одбиено/,
- со датум на донесување и експедирање,
- жалба од кого и кога е поднесена,
- кога жалбата е доставена на второстепениот Суд,
- одлука на второстепениот Суд со број и датум,
- кога предметот е вратен на првостепениот суд,
- кога е насрочен после враќањето,
- колку рочишта се одржани по враќањето /со датум/, втора пресуда,
- дали е постапено по напатствијата на второстепениот Суд,
- доколку има и второ укинување или повеќе, да се продолжи по истиот редослед од денот на контролата.

При посетата покрај контролата на старите нерешени предмети, судиите ќе даваат правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои претходно побарале помош граѓанските оддели на судовите, ќе ги изнесат согледувањата и забелешките констатирани при решавањето на второстепените предмети со цел да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на Судот.

За преземените дејствија при извршените посети од страна на судиите да се изготват извештаи од извршена посета кои се доставени до основните судови од подрачјето на овој Суд, Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ и Министерството за правда на РСМ, согласно одредбата на член 23 од Судскиот деловник.

Претседателот на судот со претседателите на оддели и со претседатели на основните судови, да ги анализираат податоците од Судската статистика и извештаите за работа на основните судови, и да преземаат мерки за воедначување на судската пракса, а да се укаже и на слабостите во работата на основните судови, со предлог за нивно отстранување, за што ќе бидат известувани надлежните државни институции во РСМ.

Претседателите на основните судови од ова апелационо подрачје и Апелациониот суд Гостивар потребно е да донесат План за решавање на старите предмети, а Работното тело за управување со движењето на предмети да врши следење на решавање на старите нерешени предмети и еднаш месечно да доставува извештај до Судскиот совет на РСМ и да презема мерки за надминување на состојбата со старите предмети, застојот на решавање на старите нерешени предмети и засотатокот на старите предмети, при што за таа цел да му се наложи на судиите да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи, исто така да ги дадат причините за нерешавањето и да направат сопствен план кога предметите би се решиле во текот на 2021 година, кои извештаи од страна на Претседателот на судот и претседателите на одделите ги разгледува поединечно и на састаноците на одделите.

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, заедно со претседателите на основните судови, ќе ја разгледува состојбата со судската управа, согласно член 7 од Судскиот деловник.

Судиите при контролата ќе ја согледуваат состојбата за старите нерешени предмети и причините за тоа, а во извештаите ќе ги наведат сите битни моменти од приемот на предметот до прегледот.

Судиите ќе даваат свое мислење за тоа:

-дали има објективни или субјективни причини за одолговлекувањето на постапката;
-доколку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметот тоа да го наведат заради побрзо решавање на старите нерешени предмети.

Извештаите за превземените дејствија и извршените посети ќе се изготвуваат во рок од 8 дена од извршената посета , ќе се достават до Основните судови, Судскиот совет на РСМ, Врхвниот суд на РСМ и Министерството за правда на РСМ.

Заради континуирано следење на работата на секој основен суд од ова апелационо подрачје, како и заради давање на стручна помош, било по барање на основниот суд или по иницијатива на овој суд, како и по барање на судија од

основен суд, се формираат соодветни работни групи и на тој начин заради континуирано следење на работата на секој суд и давање на стручна помош по барање на Основниот суд или по иницијатива на Апелациониот суд Гостивар, се формираат следните работни групи:

**1. <u>За Основниот суд Тетово се определуваат судиите:</u>**

**<u>ЗА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Шефајет Хајдари и Беким Мехмеди,

**<u>ЗА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>**,
- Велко Страшевски и Изет Исмаили.

**1. <u>За Основниот суд Гостивар се определуваат судиите</u>:**

**<u>ЗА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>**,
- Абдулбари Рамадани и Ѓерасим Ѓерасимоски,

**<u>ЗА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>,**
- Али Алиу и Рафис Идризи.

**1. <u>За Основниот суд Кичево се определуваат судиите</u>,**

**<u>ЗА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Шефајет Хајдари и Абдулбари Рамадани,

**<u>ЗА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>**,
- Рафис Идризи и Златко Анѓелкоски.

**1. <u>За Основниот суд Дебар се определуваат судиите</u>,**

**<u>ЗА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Беким Мехмеди и Ѓерасим Ѓерасимоски,

**<u>ЗА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>,**
- Африм Јакупим и Лилјана Ицкова.

За следење на состојбата со Основните судови, судиите кои се определени за давање правна помош доколку имаат потреба ќе бараат од претседателите на Основните судови одредени податоци.За определување на судиите за давање на правна помош и следење на состојбата во конкретни Основни судови од Апелационото подрачје Гостивар ќе бидат известени претседателите на основните судови, Судскиот совет на РСМ и Врховниот суд на РС Македонија.

Административно техничкиот персонал работата ќе ја остварува ажурно и ефикасно во рамките на работните задачи предвидени со актите на судот и она што ќе му биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот и Судскиот администратор.

Секој работник од административно техничкиот персонал е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи кои ќе послужат при оценка на нивната работа.

Раководителот на служба Полумбеша Сефери и определениот судски службеник Седула Мемеди ќе ги контролираат работите на сите судските службеници, доаѓањето на вработените на работното место, излегување во текот на работното време, заминување од работа и нивната дициплина при извршувањето на работните задачи.

Со оглед на тоа што во Апелационен суд Гостивар нема вработено припадник на судска полиција, обезбедувањето на зградата на Судот, луѓето и предметите, онака како што е предвидено во Планот за обебзедување донесен од страна на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, ќе го вршат припадниците на судската полиција при Основниот суд Гостивар, кои се должни да водат евиденција за влезот на странките и нивното излегување од судската зграда.

За реализација на оваа Програма, одговорен е Претседателот, судиите, судскиот администратор, судските службеници и сите вработени во Судот.

Годишната Програма ќе се применува од **01.01.2021** година.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi